ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

# ПРИСТАП ДО ТЕРАПИЈА

- ИЗВЕШТАЈ ПОДГОТВЕН ОД ПАЦИЕНТИТЕ - БРОЈ 2 / НОЕМВРИ 2013



## *Зголемен буџетот на Програмата за ХИВ/СИДА*

Владата на Република Македонија во предлог-буџетот за 2014 година предвиде значително поголем буџет за Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА за следната календарска година. Така, од 8 милиони денари колку што изнесуваше буџетот на Програмата за 2013 година, проектираните средства од основниот буџет за следната 2014 година изнесуваат **20 милиони денари**. Кон ова, предвидени се и расходи од самофинансирачки активности во износ од **2 милиони денари**, што значи дека вкупните расходи во рамките на Програмата за ХИВ/СИДА се проектирани на **22 милиони денари**.

Како што е познато, почнувајќи од 2011 година, основните трошоци за третман на ХИВ-инфекцијата, односно антиретровирусните лекови и тестовите за следење на одговорот на терапијата, се планираат и буџетираат во рамките на оваа програма на Министерството за здравство. Со минатогодишното зголемување на ставките за антиретровирусна терапија и тестови за следење, основната намена на оваа Програма практично престана да биде превентивна и стана куративна. Имено, од вкупно 8 милиони денари колку што изнесува буџетот на целата програма за 2013 година, дури 6 милиони денари беа резервирани за тераписки потреби, односно 5 милиони денари за набавка на лекови и 1 милион за тестови. **Со предвиденото зголемување на буџетот за 2014 година може да се очекува дека ќе се овозможи бараното реалистично планирање на трошоците за терапија и тестови** во рамките на Програмата, а од друга страна повторно ќе можат да се финансираат и превентивните активности.

## *Македонија плаќа драстично пониски цени за АРВ лекови од другите земји во регионот*

Според цените постигнати на тендерот за јавна набавка на антиретровирусни лекови од април оваа година, Македонија платила во просек 7 до 8 пати пониски цени на антиретровирусните лекови во споредба со просечната цена во 4 земји од регионот (Србија, Хрватска, Словенија и Бугарија). Поволноста на постигнатите цени се должи на фактот дека лековите набавени со тендерот во најголем дел се генерички антиретровирусни лекови

### ТАБЕЛА 1: ЛЕКОВИ НАБАВЕНИ СО АПРИЛСКИОТ ТЕНДЕР

| лекови за прва и втора линија на терапија | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Цена постигната во Македонија* | Просечна цена во регионот** (во денари) | Коефициент на разлика |
| | **Единечни лекови** | | | |
| 1 | zidovudine | 2.100,00 | 8.234,17 | 3,9 |
| 2 | lamivudine | 770,00 | 7.203,77 | 9,4 |
| 3 | abacavir | 2.300,00 | 13.980,26 | 6,1 |
| 4 | tenofovir DF | 1.200,00 | 18.526,40 | 15,4 |
| 5 | nevirapine | 1.330,00 | 6.581,99 | 4,9 |
| 6 | efavirenz | 752,00 | 12.369,82 | 16,4 |
| 7 | ritonavir | 1.940,00 | 1.517,50 | 0,8 |
| 8 | lopinavir/r | 3.746,50 | 20.465,58 | 5,5 |
| | **Фиксни комбинации** | | | |
| 9 | lamivudine + zidovudine | 1.066,00 | 15.360,11 | 14,4 |
| 10 | tenofovir DF + emtricitabine | 3.000,00 | 28.760,56 | 9,6 |
| 11 | tenofovir DF + emtricitabine + efavirenz | 3.350,00 | нема регистрирана цена | |

*Цените постигнати во Република Македонија се преземени од документацијата за Отворената постапка бр. 4/2013 за јавна набавка на стоки што ја спроведе ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во периодот април – јуни, 2013 год.

**Спордбената просечна цена во регионот е добиена како просечна вредност од официјалната регистрирана цена без ДДВ за секој поединечен лек во 4 референтни земји – Србија, Хрватска, Словенија и Бугарија.

кои имаат драстично пониски цени на глобалниот пазар во споредба со оние оригинаторските. Во споменатите земји од регионот, пак, досега речиси исклучиво се користеле оригинаторски лекови. Исклучок од ова е тенденцијата присутна во последните неколку години кога и на балканскиот пазар постепено влегуваат генерички антиретровирусни лекови, како што истекува патентната заштита на дел од оригинаторските производи.

Во табелата 1 е прикажана споредба на цените постигнати на тендерот за антиретровирусни лекови со просечната цена на истите лекови во 4 земји од регионот. Компетитивниот тендер спроведен од ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби е првата делумно успешна јавна набавка на лекови за ХИВ преку националната Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА, без помош од механизмите за набавки на УНИЦЕФ.

Имајќи предвид дека Република Македонија во просек плаќа дури 7 до 8 пати помалку за антиретровирусни лекови во споредба со земјите од регионот, време е да се осигура дека нема да недостасуваат средства за терапија.

Имајќи предвид дека државата во просек плаќа дури 7 до 8 пати помалку за антиретровирусни лекови во споредба со земјите од регионот, време е да се осигура дека нема да недостасуваат средства.

Вкупниот трошок за овие лекови во количините предвидени за една година со вклучен ДДВ изнесува **4.424.055,3 денари**. Во постапката биле набавени и три педијатриски форми (орални раствори) од лековите lamivudine, zidovudine и lopinavir/r во вкупна вредност од **1.137.741,42 денари**. Оттука, вкупната вредност на спроведената набавка за лековите што биле понудени во отворената постапка изнесува **5.561.796,72 денари** (трошок без ДДВ: 5.296.949,25 денари). Кога овие лекови би се набавиле по просечната цена во регионот, во истите количини како во тендерската спецификација, вкупниот трошок би достигнал дури **39.848.323,50 денари**.

Со ова трошоците ги надминуваат буџетираните средства во Програмата за ХИВ за **561.796,72 денари** (односно 296.949,25 денари без ДДВ) – средства кои ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби мора да ги обезбеди од сопствени извори.

Лековите што Универзитетската клиника за инфективни болести успеала да ги обезбеди за 5.561.796,72 денари, во регионот би чинеле дури 39.848.323,50 денари според просекот на официјалните цени во 4 земји.

## *Кои лекови недостасуваат?*

Во овогодинешната отворена постапка за јавна набавка на антиретровирусни лекови не беа понудени сите лекови барани со тендерската спецификација, а сепак буџетот од Програмата за ХИВ на Министерството за здравство беше исцрпен и дури и надминат. Лековите што не беа набавени се тераписки опции за втора и за трета линија на терапија, како и некои педијатриски форми за лекување на ХИВ-инфекцијата кај деца. Најголем дел од овие лекови сè уште не се достапни како генерички производи на глобалниот пазар, што значи дека и нивните цени се далеку повисоки од оние на основните тераписки опции за прва и втора линија на лекување. Независно од релативно високата цена, обезбедувањето на лекови за трета линија на терапија, како и на лекови за деца, е клучно за сеопфатен третман на сите пациенти. Ова е дотолку поважно и со оглед на тоа што спроведената набавка оваа година се однесува на периодот до крајот на 2014 година.

За обезбедување на оние лекови коишто не беа набавени со овогодинешниот тендер – лекови за втора и трета линија на терапија, како и педијатриски форми – неопходни се приближно уште **4,5 милиони денари**.

## ТАБЕЛА 2: ЛЕКОВИ КОИ БЕА БАРАНИ, НО НЕ БЕА НАБАВЕНИ НА ТЕНДЕРОТ

| | | Барано количество | Просечна цена во регионот* (во денари) | Неопходни дополнителни средства |
|---|---|---|---|---|
| **лекови за втора и трета линија на терапија** | | | | |
| **Единечни лекови** | | | | |
| 1 | atazanavir | за 3 пациента (36 пакувања) | 25.353,51 | 912.726,36 |
| 2 | darunavir | за 3 пациента (36 пакувања) | 42.456,15 | 1.394.020,08 |
| 3 | raltegravir | за 2 пациента (24 пакувања) | 51.291,13 | 1.230.987,12 |
| **Фиксни комбинации** | | | | |
| 4 | tenofovir DF + emtricitabine + rilpivirine | за 1 пациент (12 пакувања) | 56.639,97 | 679.679,64 |
| | *вкупно* | | | 4.217.413,2 |
| **лекови за третман на ХИВ кај деца** | | | | |
| 5 | tenofovir DF 40mg/g, пакување: 60g | за 1 дете (12 пакувања) | 4.673,07 (Велика Британија**) | 112.153.57 |
| 6 | tenofovir DF 150mg | за 1 дете (12 пакувања) | 8.797,34 (Велика Британија**) | 105.568,14 |
| | *вкупно* | | | 217.721,71 |
| | | | **Вкупно средства кои недостасуваат:** | **4.435.134,91** |

*Просечната цена во регионот е добиена како просечна вредност од официјалната регистрирана цена без ДДВ за секој поединечен лек во 4 референтни земји – Србија, Хрватска, Словенија и Бугарија.

**За овие производи нема регистрирана цена во ниту една од земјите во регионот. Затоа како референтна цена е земена нивната цена во Велика Британија.

Овој информатор за состојбите со пристапот до терапијата за ХИВ е подготвен од *Заедно посилни* – групата за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ. Тој има цел да ги информира сите вклучени страни, особено надлежните институции и донесувачите на одлуки, и јавноста, за постоечките проблеми и предизвици во обезбедувањето континуирана антиретровирусна терапија и здравствена грижа за луѓето со ХИВ и да посочи на можностите за нивно надминување.

***Заедно посилни***
група за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ во Македонија

Дебарца 56 - 4, 1000 Скопје тел.: 02/3290395 факс: 02/2556002
e-mail: zaedno.posilni@hera.org.mk